

# ЖАРКО ЈАЌИМОВСКИ

## цртежи



Жарко Јаќимовски е роден 1954 год. во Заечар. Дипломирал на архитектонскиот факултет во Скопје. Со сликарство се занимава од 1985 год. Работи во А.Д. "Козјак" како архитект.

Адреса: "25 Февруари" - 4 Куманово
Телефон: 0901/22-838

ГРУПНА ИЗЛОЖБА: "Самоуки 93" во Куманово - II награда

*Името на Жарко Јаќимовски од неодамна е присутно во ликовниот живот на нашиот град. Неговиот прв забележителен настап беше на минатогодишната изложба наречена "Самоуки 93" на која привлече значително внимание и освои, сосем заслужено втора награда.*

*Иако во јавноста се појавува дури сега, со сликарството, односно со цртежот се заномава повеќе години station наназад. И покрај тоа што професионално е врзан за архитектурата, цртежот не го третира како нејзина алтернатива, туку тој проникнува со својот специфичен израз.*

*За него цртежот е автономен, полнозначен и интегрален вид на ликовното изразување на својата творечка уметничка личност. Жарко преку цртежот "истражува", со што ги остварува своите креативни визии. Неговиот стил, иако диферентен во мотивите е препознатлив во сите негови дела.*

*Бидејќи ова му е прва самостојна изложба, неопходно беше да се направи ретроспективен пресек на неговиот творечки опус. Општите естетски белези укажуваат на еден стилски развој, на едно творечко созревање, препознатливо во делата од најраниот период, па до сега.*

*Целото досегашно негово творештво е барање на современ и во исто време уметнички индивидуализиран израз. Без разлика дали се тоа пејсажи или фигуративни мотиви, се гледа извонредно прецизен цртеж. Гамата на боите се движи од црно*

*бели контрасти до полихромно обликувани форми.*

*Неговиот творечки пат не води од најраните геометриски и апстрактни форми, преку чудни, би рекол, вонземјени пејсажи, до еден извонредно мек и прецизен "леонардовски" цртеж, со кој кулминира во своите понови дела.*

*Последната фаза од неговото досегашно творештво е збир на еротски и христолошки теми, опсценото и сакралното, надреалноста и класицизмот, визија и дескрипција.*

*Во некои цртежи на Жарко се гледа влијание на големиот мајстор на цртежот Димитрије Поповиќ, но при тоа тој на цртежите им дава свој специфичен израз транспониран преку неговиот свеж творечки дух.*

*Леонардо во своето дело "Трактат за сликарството" вели дека: " Сликарот прво треба да ја вежба раката со пресликување на цртежите од добрите мајстори... ".*

*Но, самото пресликување без да се остави некој свој белег нема никаков ефект. Ова особено се забележува во неговите фигуративни претстави. Во нив антропоморфната и зооморфната биолошка маса што може да "инсинуира", да навести некоја човечка форма, го изразува имагинарното поле на Јаќимовски.*

*Фигурите лебдат во просторот и се "фатени" во еден миг, како да се заробени во цртежот. Тие постојано се движат, еволуираат, се создаваат нови.*

*На крајот ќе резимирам дека изложените цртежи навестуваат можност за еден уште поголем творечки развој, преку барање на нови форми и содржини.*

***ЗВОНИМИР НИКОЛОВСКИ***
*Историчар на уметноста*









***К А Т А Л О Г: Цртежи - молив во боја***

***1. СЕНИШТА*** *16 x 20*
***2. МИНИЈАТУРИ*** *10 x 15*
***3. РАК*** *20 x 30*
***4. ЦВЕТ 1*** *25 x 36*
***5. ЦВЕТ 2*** *19 x 23*
***6. МИНУВАЊЕ*** *27 x 40*
***7. ЈАЈЦЕ*** *27 x 40*
***8. ДАЛЕЧНИ СНИШТА*** *27 x 40*
***9. СТАРАТА ПЕНУШКА*** *44 x 59*
***10. САМОТИЈА*** *19 x 26*
***11. ПОЕЗИЈА*** *27 x 42*
***12. ПЛАЧ*** *35 x 49*
***13. ДЕН*** *23 x 42*
***14. НОЌ*** *23 x 42*
***15. СПОКОЈ*** *29 x 44*
***16. НЕСПОКОЈ*** *40 x 60*
***17. АТАК 1*** *30 x 44*
***18. АТАК 2*** *30 x 44*
***19. МОЛК*** *32 x 48*
***20. ЦРТЕЖ*** *46 x 67*
***21. КОПЧА*** *35 x 48*
***22. ТАНЦ*** *46 x 46*
***23. ЗАГАТКА*** *24 x 48*
***24. МУТАЦИЈА*** *46 x 49*
***25. ПЕЈСАЖ*** *44 x 59*



***СПОНЗОРИ:***

**Текстил коэјак** **А.Д. КУМАНОВО**

**SAMA** **КУМАНОВО**

**МАКСЕЛЕКТ** **КУМАНОВО**

*Графичка подготовка: ФОТО-ДИЗАЈН СТУДИО "Б А Т О"*
*Печати: "ГРАФОТЕКС" - Куманово*